# 59. БЛАЖЕНА ГОРО МОРИ ЗЕЛЕНА




Поповски, Вејчеслав. 100 Бисери од македонски народни песни, I Дел. Берово: МАК-КОМ, 1996

# 59. БЛАЖЕНА ГОРО МОРИ ЗЕЛЕНА

Блажена горо мори, зелена
убава Малеш мори планино.
Лете си полна горо с’овчари,
зиме си полна горо с’ајдуци.

2. Турци во село, море влегоа.
ајдучка сестра море, грабнаа.
Ајдуци за страв море, не знаат
во турска куќа, море влегоа.

3. Куќата им ја море запалија,
децата им ги море, изгореа.
Децата им ги море, изгореа,
сестра од ропство море избавија.

Поповски, Вејчеслав. 100 Бисери од македонски народни песни, I Дел. Берово: МАК-КОМ, 1996